# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА | 14.03.2025 ГОДИНА | ПРИМЕРОКОТ Е |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО | Б О С И Л О В О | Б Е С П Л А Т Е Н |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР.55 ГОД.30 | |


## С о д р ж и н а


1.Заклучок за усвојување на Предлог-завршната сметка на Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

2.Заклучок за усвојување на Предлог-годишниот извештај на општина Босилово за 2024година.

3.Заклучок за усвојување на материјално-финасиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.10.2024 година до 31.12.2024 година.

4.Заклучок за усвојување на материјално-финасиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.

5.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Годишната завршна сметка за 2024 година на ЈОУДГ „Сречни насмевки“-Босилово со арх.бр.02-70/3 од 10.03.2025 година.

6.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Извештајот за реализација

за материјално-финансиското работење на установата, со арх.бр.02-70/4 од 10.03.2025 година.

7.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за прифаќање на донација „Уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет,фудбал и кошарка во „Борис Трајковски“с.Моноспитово.

8.Одлука за прифаќање на донација за набавка и монтирање на топлинска помпа за топлење и ладење со моќност од 30 KW и фотоволтаици за производство на електрична енергија со моќност од 10 KW.

9.Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Босилово за 2025 година.

10.Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението во општина Босилово од заразни болести за 2025 година.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-608/2 за усвојување на Предлог-завршната сметка на Буџетот на општина Босилово за 2024 година,донесен на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-618/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2025 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Предлог-завршната сметка на Буџетот на општина Босилово за 2024 година**

Член 1

Се усвојува Предлог -завршната сметка на Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

Член 2

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-608/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-609/2 за усвојување на Предлог-годишниот извештај на општина Босилово за 2024 година,донесен на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-619/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2025 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Предлог-годишниот извештај на општина Босилово за 2024 година**

Член 1

Се усвојува Предлог –годишниот извештај на општина Босилово за 2024 година.

Член 2

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-609/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-610/1 за усвојување на извештајот за материјално-финасиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.10.2024 до 31.12.2024 година,донесен на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-620/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 31 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2024 година,донесе:

З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.10.2024 до 31.12.2024 година**

1.Се усвојува Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.10.2024 до 31.12.2024 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-610/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-611/1 за усвојување на извештајот за материјално-финасиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година,донесен на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-621/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 31 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина

Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2024 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

1.Се усвојува Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-611/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-612/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Годишната завршна сметка за 2024 година на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово,со арх.бр.02-70/3 од 10.03.2025 година,донесена на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-622/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 31 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Годишната завршна сметка за 2024 година на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово,со арх.бр.02-70/3 од 10.03.2025 година**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Годишната завршна сметка за 2024 година на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово,со арх.бр.02-70/3 од 10.03.2025 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-612/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-613/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Извештајот за реализација на материјално-финансиското работење на установата за 2024 година на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово,со арх.бр.02-70/4 од 10.03.2025 година,донесена на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-623/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 31 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Извештајот за реализација на материјално-финансиското работење на установата за 2024 година на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово со арх.број:02-70/4 од 10.03.2025 година**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за усвојување на Извештајот за реализација на материјално-финансиското работење на установата за 2024 година на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово со арх.број:02-70/4 од 10.03.2025 година**.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-613//1 Совет на општина Босилово
14.03.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-614/1 за спроведување на општи мерки за заштита на населението во општина Босилово од заразни болести,донесена на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-624/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ 66/2004, 139/2008, 99/2009, 86/2011, 149/2014, 150/2015, 37/2016 и 257/2020), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14 .03. 2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА**

**НАСЕЛЕНИЕТО ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2025 ГОДИНА**

**согласно Стручен елаборат за превентивна и задолжителна дезинсекција и дератизација на територијата на општина Босилово за 2025 од Ј.З.У Центар за јавно здравје - Струмица – арх. бр.01-67/1 од 23.01.2025 г,**
**и**
**Акционен план за ставање под контрола на вектор-преносливите заболувања со примена на превентивни мерки во општина Босилово за 2025 година од Ј.З.У Центар за јавно здравје - Струмица – арх. бр.08-309/1 од 24.02.2025 г,**

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 86/2011, 149/2014, 150/2015, 37/2016 и 257/2020) и член 22, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002).

Според Законот, заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести, кои се од посебно значење за Република Северна Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки.

По потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

**Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје.**

Овие **општи мерки** вклучуваат:

1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Отстранување на отпадните води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина(вода, воздух, почва);
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна и водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, спортско-рекреативни и други јавни места;
4. Вршење превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и други јавни површини;
5. Отстранување на комуналниот отпад и други загадувачки супстанции.
6. Промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**Општите мерки ги организира и спроведува единицата на локалната самоуправа и одредени правни лица, во соработка и под надзор на центрите за јавно здравје.**

**Посебни (специфични) мерки** за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести - поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување;
4. Епидемиолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

***Специфичните мерки** за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни*

***здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.***

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и **<u>вонредни мерки </u>** за заштита од заразни болести.

Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести при Владата на Република Северна Македонија.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на Општина Босилово.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Босилово, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Струмица .

За заштита на населението од заразни болести во **<u>Општина Босилово, во 2025 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:</u>**

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од регионалниот водовод и другите објекти за јавно водоснабдување.
2.Обезбедување на хигиено-технички услови во образовните установи – училиштата,
3.Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите: административна зграда на општина Босилово и административна зграда на ЈПКД „Огражден„–Босилово, административни објекти во сопственост на општина Босилово,
4.Отстранување на отпадните води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, воздух, почва);
5.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција (сузбивање на комарци и нивните развојни облици) и дератизација и други хигиено-технички мерки во атарите на населени места особено на јавните површини.
6.Отстранување на комунален отпад и други загадувачки супстанции на начин кој ќе овозможи заштита на животната средина од загадување.
7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението од сите населени места во општина Босилово.
8.Евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата на општина Босилово.

**1.<u>Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.</u>**

Општина Босилово и во 2025 година ќе продолжи да се грижи за континуирано санабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

1.1.<u>Водоснабдување од регионалниот водовод–Иловица</u> и организираното водоснабдување на најголем дел од населението во општина Босилово го врши ЈПКД „Огражден„ - Босилово.

Редовниот мониторинг ќе се спроведува еднаш неделно на 6 примероци вода, и тоа:
- 3 примероци од пречистителната станица - пред и после преработката на водата и 3 примероци од локалната водоводна мрежа.

Периодичните анализи ќе се вршат трипати годишно, во ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

1.2. <u>Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти</u>

ЈЗУ ЦЈЗ Струмица, во 2025 година, ќе продолжи со спроведување на редовни увиди на извориштата и водоснабдителните мрежи на овие јавни водоснабдителни објекти земајќи мостри на вода за утврдување на физичките и хемиско-бактериолошките карактеристики.

Во секој резултат ќе стои и мислење за безбедноста на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање и хлорирање и

други контролни мерки, вклучувајќи го и информирањето на населението со поставување натписи за небезбедните извори за водоснабдување.
Доколку постои можност може одредени населени места во текот на летниот период да бидат приклучени на локалниот водовод „Иловица„ како би се избегнала опасноста од недостиг на вода – оваа се однесува за населеното место Штука.

**2.<u>Обезбедување на хигиено-технички услови во образовните установи - училиштата.</u>**

- Децата и учениците се најосетлива категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања во 2025 година ќе продолжат редовните контроли на училишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Активностите ќе бидат насочени кон следните активности:
- врз основа на теренските увиди сите училишта ќе добијат извештај за утврдената состојба со предлог мерки за подобрување.
- вршење на дезинсекција, дезинфекција и дератизација на просториите во училиштата,
- едукација на вработените и учениците за грижа за здравјето и негувањето на здравствената култура.

**3. <u>Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во јавни објекти</u>**

Во рамките на сопствените активности општина Босилово ќе се грижи за обезбедување на санитарно-хигиенски услови во просториите на сите јавни објекти кои припаѓаат на општина Босилово и тоа:
- зграда на општина Босилово,
- зграда (Дом на култура) Босилово каде е сместено ЈПКД „Огражден„ – Босилово, Ловно друштво „Гоце Делчев„.
- сите останати објекти на дом на култура во општина Босилово,
- културно-едукативен центар во с. Босилово,
- центар за алтернативен туризам и креативен развој во с. Моноспитово,

Во рамките на оваа мерка ќе се спроведе:
- едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- вршење на дезинсекција, дезинфекција и дератизација внатре во просториите на објектите.

**4. <u>Отстранување на отпадните води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, воздух, почва).</u>**

На територијата на општина Босилово имаме отпадни води кои преку селските канали застојуваат, истите потекнуваат од несовесни граѓани кои пуштат во каналите за атмосферска вода фекални води од септички јами, фекалии од добиток и други загадени води и самите канали се полнат, водата застојува и не може да се врши истекување на самиот канал.
Согласно на тоа општина Босилово во соработка со ЈПКД „Огражден„ – Босилово во текот на 2025 година ќе изврши отстранување на отпадните води и цврстите материи односно чистење на сите канали на територијата на општина Босилово на начин кој спречува загадување на животната средина според претходно утврдена динамика на дејствување.

**<u>5. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во атарите на населени места и по јавни површини.</u>**

Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи; во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообраќај, канализации, депонии и друго.
Спроведувањето на ДДД во установите и јавните објекти во надлежност на општина Босилово и атарите на населените места (јавни површини во нив) ќе се врши врз основа на склучени договор за услуги помеѓу општина Босилово и

професионална фирма специјализирана за таков вид на активности.

Генерално земено како и минатата година во организација на Центарот за развој на ЈИПР со договор на сите градоначалници ќе се спроведе по земјен пат прскање против комарци за сите десет општини во Југоисточниот регион.

На територијата на општина Босилово потребно е да се спроведат два вида на третирања против комарци и тоа:

***<u>Ларвицидна дезинсекција –</u>***

Првиот стадиум од животниот циклус на комарецот (јајце, ларва и кукла) се одвиваат во стоечка водена средина, како бари, канали, поплавени ливади, оставени буриња со вода, стари канти, фрлени шишиња, автогуми, влажни подруми, шахти, септички јами и сите други места и предемети во кој водата останува повеќе од 5 дена.

**Динамика на ларвицидната дезинсекција**

1. **Период на подготовка –** во периодот на подготовка експериментална работа на терен, во зависнот од временските услови, започнува во месец **МАРТ.**

2. **Период на директна примена на одреден ларвицид –** врз основа на добиените податоци во периодот на подготовка и докажување на ларви се оди на директна примена на ларвицид .

Проценката и увидите ќе ја врши стручната служба при Центарот за јавно здравје.

*Средство за ларвицидна дезинсекција*-ќе се користи:

- Биолошки ларвицид- Bacillus thurigiensis (за чиста стоечка водена површина)
- Хемиски ларвицид – отров и инхибитор (за нечисти стоечки води, како септички јами и слично)

Препаратите треба да се регистрирани од Бирото за лекови при Министерството за здравство на РСМ. Тие може да бидат во форма на гранули и течност.

- **Гранули** – за рачно расфрлување по краевите на стоечките водени површини;
- **Течност** – моторни или рачни пумпи;
- **Дозите** се пропишани од производителот на препаратот врз основа на препораки од Светската Здравствена Организација (СЗО).

**Ларвицидната дезинсекција** ќе се изведува од месец Април, па се до месец Септември според претходно утврдена динамика во зависнот од степенот на инфестираност на комарци.

**Организираното уништување на комаричните ларви е метода со која се постигнуваат максимални резултати и минимални штети по околината и здравјето на населението.**

***Површини за третирање***-ќе се третираат површини и места каде има застојни води и површини кои ќе бидат договорени согласно финансиската конструкција и тековниот оперативен план договорен помеѓу локалната самоуправа и изведувачот на дезинсекцијата.

***<u>Адултицидна дезинсекција</u>***

Уништувањето на возрасните форми на комарци се спроведува околу:

- Жаришта, односно леглата на комарците;
- Местата каде што молестираат (шеталишта);
- Над и околу поплавени површини.

Уништувањето на возрасните форми на комарци се изведува по пат на:

1. **Прскање –** за мали површини, во домашни услови ( тераси, подруми, гаражи и слично)
2. **Оросување –** со примена на инсектициден аеросол (LV ладна постапка) за поголеми површини и густо зеленило,

3. **Замаглување-** примена на инсектициден аеросол (ULV топла или ладна постапка) на отворени површини (шеталишта околу водени површини, паркови и слично).

- **Авионска и терестичка дезинсекција** (од земја, со генератори)- во зависнот од биолошките, еколошките и хидрометеоролошките карактеристики на подрачјето во кое се уништуваат комарците;
- **Време на изведување –** во раните утрински часови од 02:00 до 06:00 часот наутро или во вечерните часови од 19:00 до 22:00 часот, кога активноста на комарците е максимална.
- **Период на изведување –** Мај, Јуни, Јули, Август, а по потреба и во Септември;
- **Временски услови –** стабилни, без дожд и без ветар - до 3 км на час. Најидеална надворешна температура за адултицидната дезинсекција е околу 20°C.
- **Препарат –** одобрен од Бирото за лекови при Министерството за Здравство на Р. Македонија, кој не е штетен за околината и населението.
- **Дозите-** се пропишани од производителот на препаратот врз основа на препораки од СЗО.

**Адултицидната дезинсекција** ќе се изведува во неколку наврати во месеците Мај, Јуни, Јули и Август спрема тековен оперативен план.

**Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во дадено подрачје. Истите треба континуирано да се изведуваат од рана пролет до касна есен и трајно да се спроведуваат на стручен и организиран начин од институции надлежни за оваа проблематика.**

Изведувачот на постапките дава писмено соопштение до:

- ДСЗИ за времето, начинот и средството за изведување на превентивна дезинсекција,
- средствата за информирање неколку дена пред започнување на постапката со цел информирање на населението за времето и местото на третман,
- здружението на пчелари со цел превземање на неопходни мерки за заштита на пчелите,
- доставува извештај до надзорниот орган за спроведените активности,
- издава санитарна потврда за ДДД услуга,
- континуирано ја следи состојбата со инфестацијата на комарци на територијата на општина Босилово.

***<u>Дератизација</u>***

Превентивната дератизација како општа мерка подразбира превземање на механички, физички и хемиски мерски со цел:

- Спречување на влегување, задржување и размножување на штетните глодари
- Намалување на популацијата на штетните глодари
- Одржување на популацијата на штетните глодари на биолошко прифатливо ниво поради осигурување на квалитетни хигиенски и санитарно-технички услови во објектите, просториите и јавните површини кои се под санитарен надзор

Според средствата и начинот на кој се применуваат мерките можат да бидат:
- механички
-хемиски

**Механичките** средства во денешно време многу поретко се користат. Во механички мерки спаѓаат разни физички направи за фаќање на глодарите.

**Хемиските** мерки опфаќаат користење на хемиски средства за сузбивање на глодарите.
Средства кој се користат во хемиските мерки се викаат Родентициди.
Постојат повеќе видови на родентициди и спрема агрегатната состојба тие можат да бидат: течни, цврсти, прашкасти и гасовити.

Изборот на родентицид мора да биде регистриран и одобрен од Бирото за лекови на Министерството за Здравство на РСМ, кој не е штетен за околината и населението.

За спроведување на дератизација на јавни површини и објекти во општина Босилово, општината ќе склучи договор за услуги со професионална фирма специјализирана за таков вид на активност за минимизирање на опасноста од појава на глодари.
Најдобар период за спроведување на дератизација е за време на есенскиот период во месеците октомври-ноември.
.
Рок на извршување: Октомври-Ноември.

**6.Правилно и навремено отстранување на комуналниот отпад и други загадувачки супстанции.**

На територијата на општина Босилово, организираното отстранување на комуналниот отпад го врши ЈПКД „Огражден„ – Босилово. Според утврдената динамика истиот се отстранува од индивидуалните канти за отпад еднаш неделно додека кај правните лица во зависност од нивната дејност два пати неделно. Со оваа динамика се овозможува навремено празнење на садовите за отпад како не би предизвикале реа и миризба по околината.
Целосна покриеност на општината со услугата (собирање на комунален отпад од домаќинствата во Иловица, Штука, Сарај, Дрвош и Старо Балдовци кои сега не се опфатени со оваа услуга) ќе се остварува во наредниот период во зависност од можностите на општинското комунално претпријатие како и можноста за регионално третирање на отпадот.
Во општина Босилово во ниедно населено место не постои фекална канализација, ниту пречистителна станица. Оваа решение индивидуално се постигнува со акумулирање на отпадните води во септички јами во дворните места на физичките и правните лица.

**7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.**

- Во зависност од случувањата ќе се соработува со Центарот за јавно здравје Струмица и ќе се спроведуват типизирани предавања на учениците од основното образование за заштита од заразни болести, формирање на здравствени навики и воопшто подобрување на здравствената култура на населението,
- соработка и спроведување на заеднички активности со Црвен крст на РСМ и Центарот за јавно здравје Струмица.

**8. Евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата на општина Босилово.**
**Финансиски средства за реализација на Програмата:**

1.Следење на безбедноста на водите за пиење од други јавни водоснабдителни објекти: хемиски и бактериолошки анализи - на товар на Буџетот на РСМ преку Центар за јавно здравје Струмица и Агенција за храна на РСМ.
2.Општа дезинсекција и дератизација на јавни површини и објекти на територијата на **општина Босилово на товар на Буџетот на општината - предвидена сума во износ од 600.000,00 денари**.
3.Одржување на хигиенско-технички услови во објектите од областа на основното образование и спречување на опасностите од заразни болести се обврска на воспитно – образовните установи (училиштата).

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Босилово“.

Бр.08-614/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-615/1 за изменување и дополнување на одлуката за прифаќање на донација за „Уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет,фудбал и кмошарка во ООУИ „Борис Трајковски“ – с.Моноспитово,донесена на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-625/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на одлуката за прифаќање на донација за „Уредување – реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка во ООУ „Борис Трајковски“ с. Моноспитово**

Член 1

Членот 1 се менува и гласи:

„Советот на општина Босилово ја прифаќа донацијата за Уредување – реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка и уредување-реконструкција на терен за кошарка во ООУ „Борис Трајковски“ с. Моноспитово“.

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

Опремата за уредување – реконструкција на мултифункционалниот терен за фудбал, кошарка и ракомет ќе се состои од:

- Гумена подлога – тартан
- Метална ограда
- Голови
- Табли за кош

Опремата за уредување – реконструкција на теренот за кошарка ќе се состои од:

- гумена подлога – тартан

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-615/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-616/1 за прифаќање на донација за набавка и монтирање на топлинска помпа за топлење и ладење со моќност од 39 KW и фотоволтаици за производство на електрична енергија со моќност од 10 KW ,донесена на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-626/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово“бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 14.03.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за прифаќање на донација за набавка и монтирање на топлинска помпа за топлење и ладење со моќност од 30 KW и фотоволтаици за производство на електрична енергија со моќност од 10 KW во ПОУ „Св.Кирил и Методиј“ с. Радово**

Член 1

Се прифаќа донацијата за набавка и монтирање на топлинска помпа за топлење и ладаење со моќност од 30 KW и фотоволтаици за производство на електрична енергија со моќност од 10 KW во ПОУ „Св.Кирил и Методиј“ с. Радово.

Член 2

Донацијата ќе биде финансирана од Европската комисија со партнерите ЦИСС Македонија и ЛАГ Беласица-Огражден Босилово во рамки на проектот ShiNE:Подршка на граѓанските организации и медиумските организации за унапредување на зелената агенда и циркуларната економија во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-616/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-617/1 за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Босилово за 2025 година ,донесена на педесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 14.03.2025 година.

Бр.09-627/1 Општина Босилово
14.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на чл 84 став 1 и чл.85 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.17/2011 год.)и чл.21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Босилово (Службен гласник на Општина Босилово Босилово бр.64/2010 год.), Градоначалникот на Општина Босилово на советот на Општина Босилово му предлага на седницата на советот на Општина Босилово што ќе се одржи на ден 14.03.2025 год. да ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**

**за изменување и дополнување на Програмата**

**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА**

**2025 год.**

ВОВЕД

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален урбанистички план, Детални урбанистички планови и други урбанистички документации на територијата на Општина БОСИЛОВО.

**I. Просторот кој е предмет на уредување**

Како простор кој е предмет на уредување на земјиштето што се уредува се смета изградено и неизградено земјиште на просторот на Општина БОСИЛОВО.

I.1 Приградски реон - Руралните средини кои влегуваат сите простории во состав на Општина БОСИЛОВО (според законот за децентрализација) важат истите предвидени услови со оваа Програма за уредување на градежното земјиште. Во приградски реон влегуваат:

- сите урбани заедници и населени места (селски населби) на подрачјето на Општина БОСИЛОВО за кои постои урбанистичка документација (Урбанистички план за село, Општ акт за село, Урбанистички план за вон населено место, Локална урбанистичка планска документација, Детален урбанистички план или друг тип на урбанистичка документација).
- влегуваат и сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина БОСИЛОВО како и средства за планиран иден развој, а трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.
- Во приградски реон, влегуваат и сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19). Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина БОСИЛОВО како и средства за планиран иден развој.

**Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

- Изготвување на урбанистички планови и планско-проектна документација со инфраструктура;

- Оформување и обезбедување на геодетска документација подлоги и елаборати;

- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот;

- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат, селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата;

- Отстранување на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) со транспорт на градежниот шут до депо.

- Програмирање на уредувањето.

## II. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Службен весник на РМ бр.193/16, 72/18 и Службен весник на РСМ бр.16/22).

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост.

**III.1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улици со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,

- подземна електрична мрежа,

- улично осветлување,

- водоводна мрежа,

- фекална канализација и

- атмосферска канализација.

**III.2 Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од точка III.1 како и:**

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа,

- топлификациона мрежа,

- паркинг простори,

- гасоводна мрежа и

- пречистителна станица за отпадни води.

**III.3 Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,

- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),

- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација),

- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),

- нестандардно улично осветлување и

- надземна нестандардна електрична мрежа.

*Претходно изградените инсталации, доколку остануваат под објектот, нивната заштита и дислокација паѓа на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

### III.4. Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште

За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето се земени комлекси со индивидуална и колективна станбена изградба со целосна изграденост.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци по зони изнесува и тоа согласно:

- Одлука за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина БОСИЛОВО бр.54/1 од 25.05.1994 год. („Службен гласник на Општина БОСИЛОВО бр.03/94);

- Одлука за измена и дополнување на одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина БОСИЛОВО бр.07-2337/4 од 11.09.2006 год. („Службен гласник на Општина БОСИЛОВО бр.16/06“);

- Одлука за измени и дополнување на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина БОСИЛОВО бр.07-279/5 од 09.02.2011 год. („Службен гласник на Општина БОСИЛОВО бр.2/11“).

Сите објекти опфатени со ОА за село, УПС, УПВНМ, ДУПД и др. урбанистичка документација со која се формираат и разработуваат повеќе ГП надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се утврдува во согласност со табелата во точка V која се однесува за приградски реон III зона.

Истата ќе се применува во зависност од зоната и уреденоста во која се наоѓа предметната парцела, односно Рурална (20%, 25% или 30%).

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во точка 3, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (4) од правилникот, за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

**IV. Приградски реон (спроведување врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП и други**

**поединечни градби кои се дозволуваат со друг закон, формирање, урбанизација или изградба на една ГП или КП)**

Сите поединечни градби, кои се спроведуваат врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП вон опфат на урбанистички план и други законски регулативи со кои се дозволува изградба на една ГП или КП, каде што во моментот нема проектирани траси, технички можности или економска исплатливост Општина БОСИЛОВО да ја изгради инфраструктурна мрежа, надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува во согласност со зоната во која се наоѓа објектот, намената на објектот и уреденоста на градежното земјиште.

Во оваа група влегуваат и:

- Сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

- Сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19).

Уреденост на градежното земјиште согласно член 95 став (2) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), ќе ја утврдува комисија формирана од општината, која е составена од три члена од редот на вработените во службата која го врши уредувањето на градежното земјиште.

Надоместокот кој ќе треба да го исплатат е во согласност со претходно вложените средства за изведени комунални инфраструктури, а евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура и изградбата на нови инфраструктури ќе се доуредуваат во постапка согласно Законот за градење. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

Доколку станува збор за делумно уредено или целосно неуредено градежно земјиште, согласно член 97 став (1) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), кога градежното земјиште не е

уредено со објекти на комунална инфраструктура, инвеститорот може сам да го уреди градежното земјиште на свој трошок и притоа не плаќа надоместок за уредување, а правата и обврски во врска со уредување на градежното земјиште се утврдуваат во постапка за издавање на одобрение за градење, согласно Законот за градење

Доколку корисникот на земјиштето сам ја гради инфраструктурната мрежа, согласно заверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства должен е да овозможи на останатите корисници приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалнат[illegible] надомест.

## IV. Висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно точка 3 од програмата, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

| | | |
|---|---|---|
| ...ЈЕКТИ | |
| ...МЕНА „А1“ | 250 ден/м² |
| ...МЕНА „А4“ | 400 ден/м² |
| ...ОБЈКЕТИ | 200 ден/м² |

| | | |
|---|---|---|
| | Станбени простории | 1,0 Коефици... |
| | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор* | 0,2 Коефици... |
| | Логија затворена од три страни | 0,4 Коефици... |
| | Подлогија затворена од две страни | 0,3 Коефици... |
| | Балкони, тераси | 0,2 Коефици... |
| | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 Коефици... |
| | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 Коефици... |
| | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 Коефици... |
| | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 Коефици... |
| | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 Коефици... |
| | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефици... |
| **2** | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **750 ден/м²** |
| | Простории | 1,0 Коефици... |
| | Магацини | 0,5 Коефици... |
| | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 Коефици... |
| | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 Коефици... |
| | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 Коефици... |
| | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефици... |
| | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 Коефици... |
| | Подлогија затворена од две страни | 0,3 Коефици... |
| | Балкони, тераси | 0,4 Коефици... |
| | Отворен наткриен простор | 0,3 Коефици... |
| **3** | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **1 250ден/м...** |
| | Катни гаражи | 0,05 Коефиц... |
| | Спортски покриени објекти | 0,5 Коефиц... |
| | Спортски откриени објекти | 0,3 Коефиц... |

| | |
|---|---|
| и и базни станици за 50% од површин | |
| аришта за 30% од површина на локац | |
| | 0,2 Коефициент |
| и над 35 Кв | |
| **Е ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ** **СТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | |
| незагадувачка индустија | |
| шта | |
| **пумпна станица и нејзини придруж** **, кафетерии и ресторани, авто серви** **рстории)** | |
| остории на бензински пумпни станиц | |
| стории на бензински пумпни станици | |
| **од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички** **отелски комплекси и одморалишта и за објектите од група** **амени А 4-хотел, мотел, планинарс** | за 30% од површината на градежната парцела **35 000 ден/м²** |
| ии | |
| **динки, пензионерски домови и домови за стари лица** | **25 000 ден/м²** |
| ии | 0,05 Коефициент |
| **високо образование** | **9000 ден/м²** |
| ии | 0,05 Коефициент |
| **култура** | |
| ии | 0,01 Коефициент |
| **здравствена дејност – В2** | |
| ии | 0,05 Коефициент |

| | | |
|---|---|---|
| **11** | **За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)** | **9000 ден/м²** |
| | | 0,01 |
| **12** | **За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)** | **согласно правилник изменуван дополнува правилник степенот н уредување градежнот со објекти комунална инфраструк начинот на уредување висината н трошоците уредување зависност степенот н уреденост на РСМ 16/** |
| **13** | **За градби за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници)** | **1 200 000 де** |
| | за една ветерница | 1 |
| | За енергетски градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија и од сончева енергија - **ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА КОЈА СЕ ПОСТАВУВА НА ОБЈЕКТ не се предвидува надоместок за уредување на градежно земјиште.** | |
| 14 | За Агро берзи,откупно дистрибутивни центри или пазари | **1 500 ден/е** |
| | Агро берзи,откупно дистрибутивни центри или пазари | 0,05 Коефи |
| 15 | ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗГРАДИ | **1 500 ден/е** |
| | Градби за одгледување на животни | 0,05 Коефи |
| | Рибници | 0,05 Коефи |

| | |
|---|---|
| за складирање на земјоделско производство | 0,05 Коефициент |
| **УНИКАЦИСКИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ВОДОВИ** | **250 ден/м** |
| ни или подземни телекомуникациски, ниско напонски и напонски електрични водови и мрежи | 1,0 Коефициент |
| системи | 1,0 Коефициент |
| муникациски столнови кули и антени | 1,0 Коефициент |

* Дадената коефициент во табела, точка 1 алинеа 2, за станбени простории од 2,5м' е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот (од готов под до плафон). Во согласност со член 125 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објектите („Службен весник на РМ" бр.60/12); поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанистичко-архитектонските услови на планската документација. Над ѕидот на фасадиите ѕидови, (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50 m' рачунато од подот до почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот.

Доколку на страните над кои има надѕидок (во вертикалната рамнина над градежната линија) има дополнителни надвишувања повисоки од 1,50 m' во должина од 50% до 75% од вкупната должина на истите, ќе се применува коефициент 0,5.

За објекти како што се антенски столб, платформа на антенски столб и објекти поврзани со антенски столб, висината на надоместокот ќе се пресметуваат по вредности за деловни простории, согласно зоната во која се наоѓаат. Висината на антенскиот столб ќе се пресметува во сооднос како површина односно 1m'=1m² деловен простор.

Компатибилните намени на објекти со основна класа на намени „Станбените објекти“, ќе се пресметуваат по вредност за „Деловни и јавни објекти“, согласно зоната во која се наоѓа објектот.

При поставување на фотоволтаични панели на кров или фасада на постоен објект, истото се смета за поставување на опрема на објект, не се добиваат дополнителни корисни површини и не се пресметува надомест за уредување на градежно земјиште.

По исклучок, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната за лифтови;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство (поединечни градби - споменици на културата)

За објектите од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина и за други објекти без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на

истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW, ниско напонски и среднонапонски електрични инфраструктурни водови, ПТТ инфраструктурни водови, како и за објекти и градби каде што инвеститор е Општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и ходроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во табелата од точка VI.

За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во табелата од точка VI.

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

**VI.1. Распределба на средствата**

Распределбата на средствата ќе се врши согласно следната табела:

| ОСНОВЕН СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ | |
|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбани<br>населени места |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј |
| 3. | Изградба на фекална канализација |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 8 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 10 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл.) | 4 % |
| **ПОВИСОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
| 1. | ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа | 3 % |
| 2. | Топлификациона мрежа | 5 % |
| 3. | Паркинг простори (јавни паркинг простори, одалечени не повеќе од 30м од најблиската точка на ГП) | 4 % |
| 4. | Гасоводна мрежа | 8 % |
| 5. | Пречистителна станица за отпадни води | - |
| **ПОНИЗОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
| 1. | непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат | 13% |
| 2. | сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа) | - |
| 3. | септичка јама (нема приклучок на фекална канализација) | |
| 4. | сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација) | - |
| 5. | нестандардно улично осветлување | 3% |
| 6. | надземна нестандардна електрична мрежа | 4% |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 100% од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

**VI.2 Отстранување на постоен објект (пребивање на комуналии)**

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во ваквите случаи, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни- тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се отстранува, тогаш инвеститорот не плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште.

**VI.3 Пренамена на просторот**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена на станбен во друг вид простор се наплатува во висина на евентуалната разлика еднократно, а средствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен и деловен) во станбен простор не се наплатува.

**VI.4 Претходни договори**

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина БОСИЛОВО и во меѓувреме се поништени решенија за услови за градба, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето, за истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Доколку инвеститорот се откажи од изградбата, потребно е да достави доказ дека документацијата му била поништена како и чист имотен лист (без запишано право за градење- товар) со што би можел да им се врати уплатениот надоместокот во целост.

**VI.5 Самоиницијативно изградена инфраструктура**

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфрструктура, не се признаваат освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавените комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

**VI.6 Начин на одложено плаќање**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, но најмногу на 12 месечни рати со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и банкарска гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на

принципот на одложено плаќање се воспоставуваат “прагови” врзани во зависност од принципот на одложено плаќање кои се формирани на следниот начин:

*За вкупен износ на надоместокот до 120.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договор во целост.

**За вкупен износ на надоместокот од 120.000,00 до 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

***За вкупен износ на надоместокот над 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

Одобрението се издава во регуларни рокови согласно Законот за градење и Законот за општа управна постапка, а доколку инвеститорот не ги подмирува договорните обврски навремено се активира банкарската гаранција за нејзино подмирување во целост.

**V. Динамика на извршување на програмата**

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на ОПШТИНАТА, поради што во повеќе фази со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на горното, а од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- динамика на приливот на средства преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- до следната промена на роковите предвидени во Законот за Општа управна постапка и останатите законски прописи што учествуваат во регулирањето на оваа област;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- благовремената реализација на елаборатите за експропријација;
- навремено изготвување на урбанистичко-техничка документација;

Расходите за изградба и реконструкција на улици, канализација - колекторскиот систем, капацитетите во водоснабдувањето и капацитети во енергетиката ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

**VI.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот и Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Советот на Општина БОСИЛОВО. Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште врши координација во реализација на објектите согласно член 22 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Законот за градење („Службен весник на РМ“бр. 130/09; бр.124/10; бр.18/11; бр.36/11; бр.54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 27/14; 28/14; 42/14115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и

168/18) и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19; 18/20 и 279/20).

За успешно реализирање на Програмата треба сите учесници, Општина БОСИЛОВО заедно со Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина на Советот на Општина БОСИЛОВО, Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина БОСИЛОВО, Органот за имотно правни работи во Министерството за финансии и Јавните комунални претпријатија, треба да го дадат максималниот придонес во рамките на своите надлежности и права.

Наплатата за повисок степен на уредување на просторот ќе започне да се применува, кога ќе се створат технички услови за наплата на истиот, односно информации од постојната и новопланираната мрежа во ГИС систем како и приспособување на систем за пресметка на комуналии согласно предвидените проценти на распределба.

Оваа програма влегува на сила од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина БОСИЛОВО“, а ќе се применува и ќе може да се дополнува по потреба до донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште за наредната година.

Барањата кои се поднесени пред стапување на сила на оваа програма ќе се пресметуваат во согласно со програмата која била на сила во времето на нивното поднесување.

Бр.08-617/1 Совет на општина Босилово
14.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.